# ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ ФАНТАЗИИ И РАЗРЕШУВАЊЕТО НА КОНФЛИКТИТЕ ВО 21. ВЕК

*Владимир РУКАВИШЊИКОВ*

911.3:32]:327.56„20“


АПСТРАКТ

Никој не може да обезбеди прогноза ослободена од политичките претпоставки, национални стереотипи, митови, стравови и предрасуди длабоко вкоренети во минатото. Како резултат на тоа, многу наводни „предвидувања“ не се ништо друго освен *геополитички фантазии*, иако се тврди дека целите и намерите на ваквите прогнози се состојат во идентификување на политичките, социјалните, демографските, економските, културните и воените тенденции и на геополитичките препреки за мирен развој на човештвото. Овој текст ја илустрира оваа идеја преку книгата „Следните 100 години“ на Џорџ Фридман. Ефикасноста на менаџирањето на конфликтите се потпира, барем делумно, на националните интереси на земјите вклучени во акциите и на меѓународното право. Сепак, одредбите на меѓународното право се менуваат под притисок на околностите. Од друга страна, откривањето на националните интереси исто така не е лесна задача. Како пример се земени последните случувања во Киргистан (во 2010 година), заедно со случаите на Косово и петдневната војна помеѓу Грузија и Русија (2008). Статијата се осврнува и на предвидувањата за иднината на САД, ЕУ, Русија и Кина во 21-от век, проблемот на односите меѓу националните интереси и меѓународното право, како и реакцијата на Русија во однос на конфликтите кои неодамна се појавија во близина на нејзините граници.


**Клучни зборови**: прогноза, 21-ви век, војна, мир, национален интерес, меѓународно право, САД, Русија, Кина.


ABSTRACT

Nobody can provide a forecast free from political assumptions, national stereotypes, myths, phobias, and attitudes deeply rooted in the past. As a result many so called 'forecasts' are actually *geopolitical fantasies* in spite of the announced goals and intentions to identify political, social, demographic,

economic, cultural, military tendencies and geopolitical obstacles for a peacefull development. The paper illustrates this idea by the George Friedman book *The Next 100 years* (2009). Efficiency of conflict-management relies, at least partly, on national interests of countries engaged in actions and international law. However, the international law provisions are changing under the pressure of circumstances. To disclose, the national interest is not an easy task either. The recent (2010) Kyrgyz occurrences are taken as an example along with the cases of Kosovo and the 5-day (2008) Georgia-Russia war. The paper touches forecasts of the future of the USA, the EU, Russia and China in the 21$^{st}$ century, the issues of national interests and international law, the Russian reaction of the conflicts recently emerged near its borders.

**Key words**: forecast, the 21$^{st}$ century, war, peace, national interest, international law, the US, Russia, China.

## *1. Вовед*

На самиот почеток, разумно е да се кажат неколку збора за насловот на овој текст. Зошто *геополитички фантазии*? *Фантазии* во множина, бидејќи постојат многу спротиставени гледишта во поглед на веројатната иднина, а за жал, ние немаме доволен простор да дебатираме за сите. Освен тоа, голем дел од нив се засновани на геополитичките идеи широко распространети на Запад. За жал, во многу проекции, во центарот на вниманието се можните меѓудржавни војни, а не градењето на мирот. Зошто *разрешување конфликти*? Причината е во широко распространето мислење дека ОН и другите меѓународни тела прават сè што можат за да се запрат локалните конфликти пред да се прелеат во соседството, како и затоа што спречувањето и решавањето на меѓународните конфликти пред да резултираат во насилство од големи размери е далеку поевтино, како во човечка, така и во финансиска смисла, отколку реакциите по нивното избувнување. Исто така, постои широка согласност околу неефикасноста на постојните мировни мисии и мисии за чување на мирот на ОН. Кое мислење е вистинското? Дали светот ќе биде побезбедно место од денешното?

Најновата книга на познатиот американски футоролог Џорџ Фридман се користи како пример за тоа како политичките претпоставки и националните стереотипи можат да ја детерминираат прогнозата, начинот на разрешување конфликти и воеността планирање. Книгата е посочена не затоа што е извонредно луцидна и лесно читлива прогноза

за промените кои можат да се очекуваат во целиот свет во овој 21-ви век, туку затоа што авторот на оваа книга експлицитно, можеби и ненамерно ги открива американските стравови и изложува идеја за унилатерална конструкција на светскиот поредок во текот на овој век.

На почетокот ги земаме предвид клучните методолошки прашања, за потоа да направиме краток осврт на двете главни тенденции во денешнината назначени како „победничка војна" ('winning war') и „победнички мир" ('winning peace') во контекст на имиџот на овој век. Не зборуваме за бројните т.н. „трговски војни" ('trade wars'), „сајбер-војни" ('cyber-wars') и другите видови „војни", кои несомнено се разликуваат драматично од крвавите воени судири. Овој важен аспект на нашата голема тема не е истражен, поради недостаток на простор. Заклучните забелешки се на крајот од ова поглавје.

## *2. Методолошки проблеми*

Некои луѓе велат: „Замислете дека сме на самиот крај на 19-от век и обидете се од таа позиција да го предвидите идниот развој на настаните. Дури и да сме на самиот почеток на 20-от век, ќе беше невозможно да се предвиди текот на историјата на ова столетие, бидејќи во тој момент постоеше нова констелација на сили, кои беа во интеракција едни со други, секои дваесетина години". Нивните противници тврдат дека „ова не е post-festum оценка, односно мислење на оние кои веќе ја знаат вистинската историја на 20-от век". Трети пак тивко велат: „Ако не постоеше предвидувањето, многумина не би зборувале за ништо, или барем, целиот процес на меѓусебна комуникација ќе беше многу тежок". Сепак, сите три страни се согласуваат дека глобалната политика не е како времето, кое се менува од ден на ден.

Идејата да се опишат политичките одлуки и идните настани од перспектива на доминантните искуства во нашиот живот (втората половина на 20-от век, првата деценија на 21-от век) е секако предизвикувачка, но по наше мислење, не многу реалистичка. Секој нареден век се разликува од претходниот во многу димензии, иако носи многу црти од претходните историски епохи. И 21-от век не е исклучок. Со векови луѓето верувале дека големите сили се појавуваат, растат и пропаѓаат постепено, но ненадејниот колапс на Советскиот сојуз и неговата социјалистичка империја го доведе во прашање ваквото уверување. Старата идеја за историски циклуси, исто така, е доведена во прашање. Што ако текот на историјата не е цикличен и лесен, туку напротив, аритмичен? Каква ќе биде судбината на сегашните големи сили, како на пример, САД, Русија и Кина во 21-от век? Што можеме да научиме од минатото? Дали целокупната глобализација е важна? Ова не е чисто реторичко прашање, бидејќи одговорите на овие прашања ја утврдуваат националната политика, мирот и безбедноста на светот.

Многу истражувачи се обидуваа да најдат објаснување за падот на големите империи во минатото во рамки на модерната теорија на сложени системи. Според оваа теорија, големиот сложен систем е ранлив на навидум незначајни фактори, кои во крајна линија ќе доведат до уништување на системот. Ова е главната симплифицирачка претпоставка на оваа теорија. Веројатно, теориските модели од овој вид не се лоши, но, за жал, во практика тие не се применливи на реалните геополитички системи. Политичката реалност вклучува премногу немерливи елементи, и можеби, тоа е главната причина за неуспехот на овој модел. Менливото опкружување може да стане 'затвор' за натамошниот развој на една голема сила, но понекогаш нациите се извонредно способни да ги избегнат ограничувањата и да развијат нов светски поредок. Но, никој не ги знае границите на прилагодливоста кон промени на одредена нација. Па дури и револуционерни трансформации го носат печатот на историјата.[1]

Повикувањето на економијата навистина помага многу. Земете ги САД за пример. За Нил Фергусон, професор на Харвард, главната опасност за иднината на САД во 21-от век не е огромниот буџетски дефицит (во 2010 година САД ја очекува буџетски дефицит од повеќе од 1,5 трилиони долари, или околу 11% од БДП), туку домашната субјективна перцепција за економската состојба на САД: „Наведената статистика сама по себе не може да ја ослабе моќта на САД, но тоа може да доведе до намалување на слепата верба во способноста на САД да издржат секаква криза" (Niall Fergusson, 2010). Кога луѓето ќе почнат да се сомневаат во монетарните и фискалните мерки на владата, фискалната криза ќе се влоши, вели Фергусон, посочувајќи го примерот на Грција. Накратко, Фергусон стравува од денешната глобална финансиска криза и предвидува залез на американската „кревка" империја.

Додека за економистот Фергусон главното прашање не е неизбежниот пад на американската економија, туку темпото на процесот на опаѓање на американската империја, односно дали ќе дојде ненадејно до колапс како во случајот со СССР или не[2], а за политикологот Џорџ Фридман, ова не е вистинското прашање. Според него, целиот 21-ви век ќе биде американска ера, првенствено поради нејзината огромна економска моќ,

---

[1] Земете ја за пример руската 'мека сила' (soft power) (Rukavishnikov, 2010). Не треба да се заборават неисполнетите западни очекувања за брза руска трансформација во западен тип на демократија, по падот на СССР.

[2] Ова е затоа што „со векови, историчарите, политичките теоретичари, антрополозите а и јавноста беа склони да размислуваат за политичкиот процес во сезонски, циклични услови. Од Полибус до Пол Кенеди, од антички Рим до империјална Британија, ние го забележуваме ритамот на историјата. Големите сили, како и големите луѓе, се раѓаат, растат, владеат и постепено изчезнуваат. Без разлика дали цивилизациите пропаѓаат во културна, економска или еколошка смисла, нивните падови се долготрајни" (Fergusson, 2010).

која ќе остане неоспорена. Ова значи дека и загрижувачката визија на американската иднина на Фергусон и прогнозата на Фридман, кој ја глорифицира американската ера, се базираат на различни толкувања на современата економска реалност и економски трендови.

Како што беше веќе кажано, Фергусон не размислува за тоа дали ќе се случи или нема да се случи падот на Америка, туку дали овој процес ќе биде бавен или брз. Тој, исто така го измисли терминот *Кимерика* (*Chimerica)* и концептот на симбиоза помеѓу две големи сили - САД и Кина. Тој се надева дека во таква коалиција САД можат да преживеат, и без да играат главна улога во глобалната економија. „До 2027 година домашниот бруто производ во Народна Република Кина ќе биде поголем од оној во САД, не поради американската стагнација, туку поради незапирливиот подем на кинеската економија", смета Фергусон.[3] И веројатно овој чисто економски аргумент е централната точка на Фергусоновата поддршка за јакнење на партнерството меѓу САД и Кина.[4]

Самата идеја за партнерство помеѓу САД и Кина се смета клучен тренд на глобалната политика на 21-от век. Поддржувачите на оваа идеја се повикуваат на неодамнешната (ноември 2009) посета на претседателот на САД, Барак Обама во Кина. Но, тие заборавaат дека кинеските лидери не го поддржаа предлогот на Обама да го споделат товарот на неформалната одговорност за иднината на светот. Денес Кина е економски гигант, но сè уште е слаба во воена смисла.[5] Сепак, основното прашање гласи: колку долго Кина ќе биде нарекувана економски гигант, а не суперсила?

---

[3] Всушност, тој не се плаши премногу дека Кина наскоро ќе ги надмине САД во економска моќ, или дека ќе се случи многу брзо, туку повеќе од фактот дека тоа не зависи од Америка, туку од Кина која исклучиво дејствува врз основа на сопствените национали интереси.

[4] Временскиот опсег кој го предвидува Фергусон е 2027, додека неговиот колега, признатиот економски историчар и Нобелов лауреат од областа на економијата, Роберт Фогел ќе погледне малку подалеку во иднината – не во 2021, туку во 2040-та, и предвидува дека за тоа време кинеската економија не само што ќе ја надмине американската, туку и ќе ја остави далеку зад себе. Учеството на американската економија во светскиот бруто производ, според предвидувањата на Фогел, ќе се намали за една третина, додека кинескиот дел ќе се зголеми трикратно (Фогел, 2007, забелешки за оваа студија може да се најдат на:
http://www.marginalrevolution.com/marginalrevolution/2007/06/robert_fogel_is.html).

[5] Кина ја има најголема копнена војска во светот и огромен број тенкови. Но во споредба со САД, тоа не е важно. Воениот баланс помеѓу нив ја одредува силата на морнарицата и нуклеарната моќ. Според достапните информации, Кина е далеку зад САД по бројот на нуклеарни боеви глави и интерконтинентални балистички проектили. САД има 11 носачи на авиони, а Кина ниту еден. Јазот на воените трошоци помеѓу Кина и САД е огромен. Конечно, Кина се уште не е на ниво на технологија која овозможува оваа нација да се натпреварува со американскиот воени систем. Исто така, нема знаци кои би укажувале дека Народна Република Кина, ќе биде конкурент на САД во воена смисла во наредните години. Ние мора да ја направиме

Овде мора да напоменеме дека, американската огромна воена моќ е вториот базичен аргумент во корист на тезата на Фридман за американската доминација во модерната ера. Тој е сигурен дека не постои нација која би се натпреварувала со САД во воената сфера, ниту сега, ниту на крајот на 21-от век. Дали е неговата прогноза точна? Тоа не е само реторичко прашање, туку ја претставува суштината на проекциите за можната иднина на светот.[6] На ова прашање ќе се навратиме во следните поглавја.

Исто така, потребно е да се нагласи дека постојат бројни публикации за веројатноста на дезинтеграцијата на САД во 21-от век.[7] Некои публикации прикажуваат многу нејасни сценарија за процесот на распад, а други го специфицираат точниот период на „смртта на Америка" (се смета дека декадата од 2010-2020 ќе биде деценија на пропаѓање и распаѓање на САД)[8]. Сепак, ниту еден од авторите не размислува за светскиот поредок по распадот на САД во детали. Тие не разбираат дека светот во 21-от век е речиси целосно интегриран поради интензивниот процес на глобализацијата, моделите на меѓународните односи од 20-от век, не се повеќе применливи, итн. Всушност, сите овие анти-американски публикации можат да се класифицираат како „пуста желба".[9] Затоа и нема потреба да се расправа за методологијата на овие текстови.

## *3. Потенцијална Студена војна на овој век*

Непотребно е да се потсетува дека Советскиот Сојуз се распадна пред крајот на 20. век, т.е. дека СССР доживеа пораз во Студената војна во втората половина на минатиот век. Постоеше загриженост од појава на нова „квази-студена војна против Русија" по руската воена победа над Грузија[10]. За среќа, таквите мрачни очекувања не се реализи-

---

оваа забелешка овде, бидејќи постојат аргументи против нивното мислење, но ние немаме простор за да ги изложиме во целост.

[6] Ние мора да ја направиме оваа забелешка овде, бидејќи постојат аргументи против нивното мислење, но ние немаме простор за да ги изложиме во целост.

[7] Листата на публикации е премногу долга за да биде претставена во овој труд.

[8] Цитат од есејот: „The death of America" (http://e2000.kyiv.org/2000/america.htm).

[9] Во долгата листа на причини, има такви кои се по природа многу различни и се движат од макро-економски (фискална криза, итн) до психолошки мотиви (криза на индивидуалноста и сл), стареење на населението и меѓуетничките тензии.

[10] Краткиот воен судир во Јужен Кавказ помеѓу Грузија и Рузија во август 2008, ги исплаши и политичарите и пошироката јавност во руското соседство, во Европа и во САД. Искрено, во текот на 2008 - 2009 година, авторот имаше чувство на „веќе видено" кога виде како еден начин на користење притисок во меѓународните односи се сметаше за „легитимен" и како политичките спорови кои што се однесуваат на надворешната политика и меѓународните односи се разгоруваат, како беа медиумски покриени и како беа решение.

раа. Победоносниот (за Русите) исход на петдневната војна против Грузија покажа дефинитивно оживување на големата сила, но исто така, наметна прашања за подигање на политичкото влијание на Русија во светот (Rukavishnikov, 2010).

И САД и Русија имаат потреба една од друга како геополитички партнери, првенствено затоа што иранскиот нуклеарен проблем не решен ниту политички, ниту со други средства. Таканаречениот „режим на кооперативна коегзистенција" во односите меѓу двата големи ривали од блиското минато се враќа. Затоа Русија не е лесен партнер за САД, и покрај неодамнешниот обид да се „ресетираат" американско-руските односи, помирувањето сè уште е кревко, некомплетно, а со сигурност, и политички проблематично. Сепак, колку и да е голем предизвикот за ова партнерство, и Москва и Вашингтон не можат да си дозволат да не ги подобрат односите. Русите се, и ќе останат важен актер на светската сцена. Оваа нација има долга традиција на постоење како суперсила и нема да се согласи да игра подредена улога или да се распадне во догледна иднина. Според наше мислење, таа никогаш нема да биде дел од ЕУ или НАТО.

Гласините за новата Студена војна помеѓу САД и комунистичка Кина првично се појавија во меѓународниот печат во пролетта 2010 година. Тие беа главно поврзани со воинствената реторика на водечките кинески генерали во однос на американските вежби во морето на Јапонија. Потоа, тврдејќи дека американските вежби се закана за Пекинг, Кинезите одговорија на перцепираната закана со поморски вежби во Јужното Кинеско Море, сосема јужно од Јапонското Море. Вежбите имаа цел да покажат дека Кина станува вистинска суперсила и дека оваа нација, игнорирајќи ги меѓународните приговори, би сакала да го контролира Јужното Кинеско Море, преку кое минува половина од светската поморска трговија и кое има богати риболовни и нафтени ресурси.[11]

За наведениот спор на американска конзервативна веб-страница можеше да се прочита следното: „Кинескиот милитантен наплив им се заканува на долгорочните интереси на САД во Азија, особено поради тоа што Пекинг, според државната Бела книга за одбраната од 2006 година, намерно планира да користи воена сила заради унапредување на своите економски интереси. На Америка ѝ е потребен план за победа на Студената војна, кој мора да вклучи три елементи. Прво, САД мораат да го зголемат своето воено присуство во Азија преку воспоставување бројни бази со кои ќе ги заштитат своите сојузници и ќе го запрат военото јакнење на Пекинг. Второ, САД мораат да формираат робусна азиска алијанса. Конечно, САД и нивните азиски сојузници мора да

[11] Некои велат, кинеските вооружени сили се впуштија во брза модернизација за да и овозможи на Кина да ги проектира националните интереси на земјата преку воената моќ и далеку од своите копнени граници и територијални води. Тоа е вистина. Во времето на пишување, модернизацијата на кинеските вооружени сили не е завршена, и не може да се каже дека оваа нација ги надмина соседите во воена смисла.

применат ефикасна „мека моќ" („soft power"). Бизнисот ќе има клучно значење (Maginnis, 2010).

Како треба да се анализираат овие зборови? Се разбира, американското воено присуство во Азија може да се зголеми во наредните години, но постои сомнеж дека овој чекор ќе им помогне на САД да ја спречат „офанзивата" на Кина, или дека ќе доведе до воена конфронтација со комунистичка Кина. Денес, самата идеја за создавање азиски пандан на НАТО изгледа нереално. Светот е во 21-от век, а не во средината на минатиот век кога беше создаден НАТО. Затоа, не постојат шанси дека американската „мека моќ" ќе помогне да се создаде нов блок на азиски држави против континентална Кина.

Според пресметките на бројни експерти, економијата на САД (БДП) ќе биде надмината од страна на кинеската економија во средината на 2020 година. Овој вид економска проекција тешко е да се игнорира. Освен тоа, Кина одржува високи стапки на економски раст, дури и денес кога постои глобална финансиска и економска криза која започна во САД. Кина речиси победи во светската економска трка. Овој факт е навистина важен.

Можеби, американските конзервативци треба да сфатат дека на деновите на нивната глобална супериорност заснована на економска и воена моќ им доаѓа крајот. Затоа, гореспоменатиот рецепт за тоа како да се победи Студената војна против Кина во 21-от век се чини *застарен*. Самата појава на овој рецепт го покажува длабокото незадоволство со американско-азиските односи (и надворешната политика на Обама).

Постапките на војската секогаш говорат повеќе од зборовите и насмевките на дипломатите. Што се однесува на воените вежби, тие не се одржуваат за забава. Често државите покажуваат мускули како вовед во војна, па затоа набљудувачите мора внимателно да ги следат сите евентуални „игри" на војските. Не треба да се заборави и дека страните можат да бидат запознаени со главните стратешки проекции на другата држава, и оттука од суштинско значење е да се демонстрира борбената готовност на трупите пред очите на потенцијалните противници.

Русија има потреба од странски инвестиции за развој на економијата. Но, исто така, нејзе ѝ е потребно да ја задржи ефективната контрола на далечниот исток на сопствената огромна територија. Поради постојаната нестабилност во односите помеѓу САД-Кина (од пријателските гестови до тензии), оваа поента има големо значење. Русите внимателно го следат растот на кинеската воена моќ. Русија е најблискиот сосед на Народна Република Кина. Очигледно, со спроведувањето на неодамнешните (2010) многу скапи вежби на далечниот источен дел на Руската Федерација, Москва сака да покаже пред Пекинг дека руското раководство е подготвено да стави лимит на растечката кинеска експанзија во источните региони на земјата, има доволно сили да се спротивстави на кинеската воена офанзива во случај на иден воен судир, и дека голем број на

декларации за „стратешко партнерство" меѓу Русија и Кина, сè помалку и помалку се релевантни за геополитичката реалност.[12] Нови воени вежби не се исклучени. Се разбира, во краток период не е можна отворена војна помеѓу овие две големи нации. Постојат одредени проблеми во нивните односи, но сепак нема основа ниту за тезата за почеток на нова студена војна меѓу нив.

За среќа, нова глобална Студена војна, придвижена од геополитика и поткрепена со други мотиви, не се случи. Ова е важно заради тоа што секоја „студена војна" има капацитет да се подигне на ниво на „жешка војна", односно да се претвори во вистинска војна.

## *4. Светска војна во 21-от век*

Третата светска војна ќе започне во 17,00 часот на 24-ти ноември 2050 година. Токму во тоа време! На Денот на благодарноста во 2050 година! Неверојатната прогноза на Џорџ Фридман, раководителот на *Стратфор*[13] (Strategical Forecasting = Strategic Forecasting Corp.), беше објавена во книгата „Следните 100 години".

Пред да се случи овој настан, изгубената војна меѓу САД и џихадистите ќе биде заменета со нова студена војна против Русија. Русија, пак, ќе се обиде да ја обнови својата империја меѓу 2010-2020, за на крајот да ја доживее тажната судбина на СССР, и конечно ќе се распадне околу 2030 година. Во средината и крајот од 21-от век ЕУ не ќе може да игра улога на светски актер, поради своите внатрешни тензии, ниски стапки на економски раст и други причини.[14] Така, судбината на ЕУ во втората половина на

---

[12] Рускиот воен врв беше алармиран од неодамнешните (2009) кинески воени маневри (наречени „Голем чекор") близу границите со Русија. Руската воена вежба „Восток-2010" (Исток-2010), всушност беше одговор на кинеските воени активности, иако декларативно војниците требаше да реагираат на „напад од терористички формации". Ова вежба беше чиста политичка порака до Пекинг и Токио: чувајте се од руската мечка! Воената вежба „Восток-2010# нема сличен пандан во воената историја, и во советскиот и во пост-советскиот период, ако се предвид бројот на војници и воена опрема пренесени од западниот дел на Руската Федерација во источниот дел на оваа огромна земја. Сепак, руските независни воени експерти беа незадоволни од борбената подготвеност на армијата демонстрирана во овие воени вежби. (Khramchikhin, 2010).

[13] Stratfor (Strategic Forecasting) – американска приватна фирма, формирана во 1996, позната како „ЦИА во сенка". Невладината компанија врши редовен мониторинг на политичката ситуација во сите региони во светот, користејќи само отворени извори, и на своите претплатници им испраќа дневни брифинзи со избор на теми интересни за нив. Компанијата традиционално има подршка од Републиканската партија.

[14] Додека економиите на петнаесетте земји кои беа дел од Европската Унија во 2000-та (ЕУ-15), ќе продолжат да растат се до 2040 година, тие нема да бидат во можност да одговорат на растот кој ќе се случи во Јужна и Источна Азија, тврди Фридман. Како резултат на таквиот развој, сегашниот јаз меѓу богатството на Кина како држава и просперитетот на нејзините граѓани, сосема ќе исчезне. Економистот Фогел, исто така, забележува дека во моментов кинескиот бруто производ по глава на жител е околу пет пати помал од оној

овој век воопшто не е розова. Глобалната улога на земјите членки на ЕУ, особено на старите, како и повеќето мали нации, во втората половина на 21-от век ќе биде безначајна. И улогата на Кина во светот ќе се намали, бидејќи околу 2020 година, оваа голема нација ќе биде фрагментирана. Азискиот континент како целина ќе остане на периферијата на светските работи. Жално, но кинеската трагедија се чини неизбежна, но само ако веруваме во проекциите од Стратфор, се разбира.

Во средината на овој век Третата светска војна ќе се води помеѓу САД, Полска - како нова регионална сила, и некои други американски сојузници, од една страна, и Турција и Јапонија, како нови големи сили и нивните сателити, од друга страна. Се разбира, по тешките битки, САД ќе биде победник во оваа голема војна. Дваесет и првиот век е американска ера (како што минатиот век беше европска ера). Но, до крајот на 21-от век, Мексико како растечки џин ќе го предизвика северниот остарен сосед.

Да резимираме: за Фридман и неговите соработници од Стратфор, следната (трета) светска војна е неизбежна. Американците повторно ќе бидат главни победници. Немојте да се смеете, Ве молам!

Секако, многу е лесно книгата на Фридман, која 21-от век го нарекува Американска ера, да се класифицира како пропаганда за американската воена супериорност, насочена главно на домашниот аудиториум, но, по наше мислење, тоа не е фер заклучок. Се разбира, проекцијата Фридман не е толку прецизна како пресметките направени врз основа на показателите за макроекономските трендови, па можеби, таа би можела да биде соодветно обележана како *геополитичка фантазија*. И самиот Фридман ги замолува читателите да не ја земаат неговата прогноза премногу сериозно, а истовремено ги повикува да не ја перцепираат како премногу имагинарна, потсетувајќи на тоа дека човечката историја познава многу случаи кога научната фантастика од книгите се остварила. Некои од неговите претпоставки, идеи и заклучоци ќе бидат накусо продискутирани и ќе ни ја потврдат нашата дијагноза.

Прво, Фридман тргнува од основната идеја дека *21-от век е век на војна, не на мир*, и ова е појдовна точка во конструкцијата на целата негова проекција. Затоа неговото внимание беше посветено на одржувањето на глобалната доминација на Соединетите Американски Држави.

Мирот и градењето на мирот не се од интерес за Фридман. Тој зборува за мобилизирање на својата нација заради добивање на војните во 21-от век. „Освојувањето на мирот" не е негова тема. Мировните мисии на ОН ќе бидат неефикасни во 21-от век. Ова е ставот на лидерот на Стратфор. Во книгата на Фридман, читателот не може да сретне

---

во ЕУ. Но мнозинството од денешните генерации Европејци ќе го доживеат моментот кога просечниот кинески граѓанин ќе биде два пати побогат, а веројатно и поздрав од просечниот Европеец (Fogel, 2004)

подолги пасоси посветени на градењето на мирот.[15] Употребата на терминот градење на мирот (peace-building) во текот на децениите по завршувањето на Студената војна, најави пренесување на вниманието на меѓународната заедница од вториот тренд, кој ја нагласуваше способноста на учесниците вклучени во зафатот „победа во војната" и се манифестираше во текот на историјата на човештвото, кон првиот тренд претходно именуван како „освојување на мирот" ('winning the peace'). Непотребно е да се каже дека таквата способност не се потпира исклучиво на употреба на воена сила, туку и на другите инструменти на политиката, како дипломатијата, мерките на економски блокади и др.

ОН и другите меѓународни тела реагираат остро на меѓународните кризи и на локалните конфликти кои можат да се прелеат во локални војни, со што ќе ја загрозат регионалната или глобалната безбедност. Сепак, аналитичарите се согласуваат дека клучните конфликти се згаснати по Студената војна, а во мировните операции се кријат одредени интереси на големите сили, зад површината на дебатите водени внатре во рамки на ОН (Rukavishnikov, 2001). [16]

Преминот од војна до стабилни мирни услови е тешка задача и често бара многу време и ресурси (Collmer, 2009). Во случајот на Ирак, на пример, периодот на транзиција од војната започна уште во 2003 година и сè уште трае, односно мирот се гради веќе седум години, всушност овој транзициски период не е завршен до истекот на времето на пишување (септември-октомври 2010), и покрај декларираното повлекување на американските борбени единици од оваа земја на крајот на летото 2010 година. Транзицијата „од војна во мир" речиси секогаш има негативни колатерални ефекти.

[15] Тука треба да се напомене дека терминот градење на мирот (peace-building) се најде во широка употреба по 1992 година, кога Бутрос Бутрос Гали, тогашниот Генерален секретар на Обединетите нации, го употреби во своето обраќање насловено како Агенда за мир (Boutros-Ghali, 1992). Од тогаш, терминот тој стана широко користен, но и понатаму остана лошо дефиниран и чес¬то се меша со други термини на мировните студии, како што е „одржување на мирот", итн. (Rukavishnikov, 2001). На кратко, станува збор за капацитетот на меѓународните органи, разни невладини организации и така натаму, за изградба на политичките структури и институции, за воспоставување на одржлив процес на помирување и помирни односи меѓу ривалите во дадената држава или регион. Станува збор за сè поголемата важност на „освојувањето на мир по војната" и затоа акцентот е на поголемата побарувачка за актерите кои се во состојба ефикасно да раководат со транзицијата од војна кон одржлив и траен мир (Stepanova, 2004 ).

[16] ON распоредуваат мировници од 1948 година, но Големите сили всушност се активираат во областа на одржувањето на мирот по крајот на Студената војна. Во 1990-тите, по интервенцијата на НАТО во Југославија, експертите почнаа да зборуваат за т.н. "американизација на чувањето на мирот". Пост-советска Русија во раните 1990-ти дејствуваше како мировник на територијата на поранешниот СССР. Руските (или ЗНД) мировниот персонал соработува со воените набљудувачи и мировните мисии на ОН и ОБСЕ во многу од таканаречените „жешки зони".

Воената интервенција предводена од САД по окупацијата на Ирак од страна на мултинационалните сили, е пропратена со непрестанато растење на тензиите во целиот регион, како и со огромен раст и прилив на наркотици во Русија преку таџикистанско-ирачката граница.

Војната и мирот во 21-от век, очигледно, се разбираат на неверојатно различни начини од страна на војската, политичарите, научниците, писателите и пошироката јавност. Сите се согласуваат дека, сепак, војната, по дефиниција е најчесто многу насилна и крвава. Мирот најчесто се дефинира како слобода од војна. Затоа, обидите да се искористат сите расположливи средства за да се избегне трансформација на некаков спор во војна станаа дел од меѓународната практика.[17] Останува надежта дека оваа тенденција ќе се зајакне во 21-от век и покрај мрачните прогнози за неизбежната трета светска војна.

Фридман, можеби не може да се нарече јастреб, но не е ни галеб, уште помалку галеб на мирот. Но, може со сигурност да се каже дека тој е голем патриот на САД, а книгата е рефлексија на постоечките стравови и соништа на оваа голема нација, или барем на дел од нејзината елита. Фридман ги експлоатира стравовите раширени меѓу дел од Американците (или можеби кај лицата кои се на негова возраст), за тоа кои се вистински американски ривали и зошто. Но, од неговите фантазмагорични проекции многу лесно може да се извлече заклучокот дека, всушност, САД чувствуваат екстремна недоверба во главните сојузници од НАТО, со исклучок на Велика Британија и Полска, како и дека Турција и Јапонија, порано или подоцна, ќе ја предводат групата на можни „предавници". Самата појава на неговата прогноза значи дека сеќавањето за трагедијата Перл Харбур е сè уште живо и потајно ја труе популарната визија за американските односи со Јапонија и со други сојузници. Дали книгата е обид да се привлече вниманието на американските власти за можно „предавство" од најблиските партнери во големата војна на претстојната иднина, како што некои критичари ја нарекуваат (Tinsky, 2010) или не, тешко е да се каже.

Второ, во книгата „Следните сто години" авторот ја обновува старата идеја за „војна на ѕвездите" ('star wars'). За потсетување треба да се каже дека постои меѓународен договор со забрана за милитаризација на вселената, вклучувајќи ја и Месечината, потпишан во втората половина на 20-от век. Дали прогнозата за „војна на ѕвездите" е само сигнал дека дел од земјите се веќе подготвени повторно да поставаат смртоносно оружје во вселената? Дали оваа книга е апел до властите на САД да ја милитаризираат вселената уште сега, и покрај забраната?

---

[17] Слично на тоа, постои консензус меѓу аналитичарите дека конфликтите не можат да се разделуваат од нивните политички и социјални извори, историски корени, итн.

Анализата на сценариото на третата светска војна во пишувањето на Фридман, индицира начелен заклучок според кој, подготвувајќи се за „војна на ѕвездите“, Американците не можат целосно да се заштитат себеси и своите сојузници против моќните воени машинерии кои можат да навлезат во американскиот одбранбен систем. Можеби, единствениот рационален одговор на алармантните прогнози на Фридман е апелот за зајакнување на меѓународната контрола врз мирното користење на вселената од страна на сите држави на планетата Земја.

Трето, Фридман користи некои од базичните идеи на геополитиката, како и многу други западни прогнозери пред него, но во основа се фокусира главно на демографските, а не на економските трендови, како круцијални точки за предвидување на иднината. Делото на Фридман не ја фали ниту демократијата, ниту слободната пазарна економија, но го свртува вниманието кон забавувањето на светскиот прираст на населението, на неправилностите во локалните демографски процеси и др. Спротивно на многумина автори, тој не посветува внимание на глобалното затоплување и на други прашања за животната средина, како глобални предизвици на 21-от век, мислејќи дека човештвото ќе се справи со овие проблеми како што се справуваше со глобалните закани во претходните епохи. Освен тоа, нема ниту збор за менаџирањето на конфликтите. Во меѓувреме, меѓународниот мир, економската глобализација, културниот развој и демократијата меѓусебно се поткрепуваат и во денес, како што беше случај и во 20-от век.

Фридман како политолог и футуролог се разликува од други автори, кои исто така се обиделе да ја предвидат иднината, но кои всушност се плашат од сегашноста, откажувајќи се од старите догми (погледнете ја, на пример, огромната книга на Филип Бобит (Bobbit, 2002). Тој отворено гледа напред и го претставува 21-от век како ера на трагични и крвави војни, а не ера на мирна соработка и интеграција. Ова е навистина застрашувачка слика на *можната* иднина.[18] За среќа, денешните тенденции не ги потврдуваат предвидувања на Фридман. Но, тој ја игнорира реалноста, бидејќи најверојатно е убеден дека светот движејќи се напред во 21-от век неповратно ќе се промени.

Во врска со книгата на Фридман во целина, внимателениот читател може да посака да формулира провокативно прашање: Дали оваа проекција е некој вид на фројдовски лапсус (што е мислење на Тински), или не? Читателот може да ја почувствува добро скриената омраза на авторот кон поранешните и сегашни ривали на САД. Американскиот футуролог не верува ниту во „ресетираното“ партнерство меѓу САД и Русија, ниту пак во сојузот меѓу САД и континентална Кина. Поедноставено кажано, Фридман не ја перцепира Русија за непријател во иста смисла во коа тоа беше поранешниот СССР, туку

[18] Овој факт не ја намалува силата на мојата убеденост дека долгорочно предвидување навистина не може да се направи, иако обидите се разбирливи.

како опасен противник. Тој нема доверба и во Кина. Во спротивно не може да се објасни зошто авторот на книгата „Следните 100 години" предвидува нова Студена војна, неуспех на Русија и фрагментација на НР Кина.

И, конечно, би можеле да го поставиме и следново прашање: дали задачата на „освојување на мирот по војната" е конечно напуштена од американското водство поради неуспехот на САД во Ирак и веројатно во Авганистан, каде што војната против Талибанците е далеку од успешно окончување? Такво прашање се наметнува од големото Фридманово потенцирање на целта за победување во американските војни, а не на трендот на „победнички мир" ('winning peace').

## *6. Политички претпоставки и воено планирање*

Прво, геополитичката проекција е неопходен темел во планирање на одбраната на секоја држава. Ретко кој би се спротиставил на оваа теза. Сепак, не треба да се заборави дека различни политички одлуки може да креираат неосновани очекувања, и дејствувајќи заедно, да резултираат во промена на геополитичкиот контекст во догледна иднина. Накратко, секоја геополитичка прогноза е неизбежно пристрасна, но во прв момент, дури и со таква лоша прогноза не мора да е толку лоша за планирањето на одбраната. Некои велат дека предизвикот е да се ублажат ризиците и да се создадат услови за справување со неизвесноста, а не таа да се елиминира, но за жал тие заборавaат да објаснат како овој „мудар совет" може соодветно да се спроведе во военото планирање (Gray, 2008).

Второ, геополитичките предвидувања секогаш се базирани на одредени политички претпоставки, национални стереотипи, стравови и митови. Понекогаш не е лесно да се откријат скриените идеи или политички претпоставки да се направат експлицитни. Аналитичарите може и да не знаат кои политички претпоставки и идеи се користеле од страна на прогнозерите. Некои додаваат и дека политичките претпоставки можат да бидат доста пермисивни и инклузивни. Тоа е точно, но точно е и тоа дека лошите претпоставки ги потпираат политичките насоки во планирањето на одбраната. Други велат дека подобро е да се има дури и кобни визии за иднината, отколку да не се прават ниту обиди за предвидување на можните начини за развој на ситуацијата. Понекогаш стратешките аналитичари го занемаруваат ова правило, а превидот може да чини скапо. А ова не е оправдување за да не се користи добро познатата фраза „во догледна иднина".

Трето, Русите во моментов се повеќе фокусирани на внатрешните државни вооружени судири, отколку на меѓудржавни војни во догледна иднина. Општо земено, мнозинството Руси го делат мислењето дека 21-от век ќе биде ера на мали војни и бројни локални конфликти, предизвикани главно од меѓуетничките противречности, додека голе-

мата нуклеарна војна, односно третата светска војна е практично невозможна. Постои една стара мудрост која гласи: *Последната работа која било која земја може да ја посака е војната*. За Русите ова со сигурност е точно.

Четврто, воените експерти во оваа земја зборуваат за примена на мирот и мировните операции, земајќи ги предвид „замрзнатите" конфликти во „блиското соседство" како потенцијални „жаришта". Воените експерти, во оваа држава како и во која било друга, ја следат едноставната идеја: „Иако не сакаме да се поттикне непријателство, ризикот од прекумерена воената подготовка е мудро да се преземе, бидејќи тоа е многу подобро од коцкањето со недоволна подготовка" (Gray, 2010). Тоа е разбирливо, бидејќи секогаш е подобро да се направат помали грешки во предвоеното планирање, отколку големи грешки во воените дејствија. Зад военото планирање секогаш стои националниот интерес. Ова е поента вредна да се истакне. А ова е и потсетник дека военото планирање секогаш се базира врз политичките претпоставки на елитите и јавните стравувањата. Сепак, зборувајќи во јавноста, експертите претпочитаат да се осврнуваат на националната безбедност и слична реторика.

Опстанокот на нацијата или на државата е број еден на листата на националните приоритети. Ако некој конкретен конфликт може да се смета како закана за постоењето на дадената нација, националната држава или нејзините соседи, тогаш ситуацијата станува навистина алармантна. Тоа е причината зошто мислењата на руските експерти стануваат опречни кога тема на дискусијата се можни сценарија за воени конфликти или идни војни во кои руските сили би можеле да бидат ангажирани.[19]

Никој во светот не може да предвиди нови големи војни, како на пример: воени судири меѓу Руската Федерација и ЕУ, САД и Јапонија или Народна Република Кина и Индија (секако, овде не станува збор за проекциите кои се однесуваат на Талибанците и т.н. асиметрични војни). Сите, сепак, се согласуваат дека политичките настани во поранешната советска Централна Азија (Киргизстан, Таџикистан, Туркменистан и Узбекистан) и алармантните случувања на Блискиот Исток (во основа во Ирак, Авганистан, Иран, Турција итн.) заедно со долгогодишниот палестинско-израелски и кашмирски конфликт ќе ги детерминираат природата и карактерот на односите меѓу клучните светски актери. Веројатно, Големите сили ќе најдат начин на прагматична соработка, обединување на напорите во борбата против глобалните закани и предизвици, и тогаш односот помеѓу овие земји ќе се развие во долгорочно партнерство. Ако не, глобалната безбедност ќе биде во опасност.

---

[19] Руските медиуми, на пример, живо ги дискутираат прашањата за какви војни Русија мора да биде подготвена во догледна иднина (Baranets, 2006).

## *7. Заклучок*

За да се разбере 21-от век, потребно е да се разбере зошто доаѓа до војни, кои војни ќе се водат и за што, па дури и повеќе од тоа. Глобализацијата - економската и културната, го намалува значењето на националните граници. Предвидувања засновани на екстраполација не функционираат денес. Дури и во економијата, научниците се во можност да направат или краткотрајна прогноза или прогноза со среден временски дострел. ОН го губи авторитетот во глобалната политика. Се чини дека можните визии за идниот светски поредок почесто зависат од промените, отколку од стабилноста на геополитичкиот пејзаж. Таканаречениот „здрав разум" не може да помогне во разбирање на иднината. Доволно е да се замисли денешната карта на светот обоена во различни бои според степенот на непријателство/ пријателство vis-à-vis СССР во 70-те години. Оттука, голем број на т.н. „геополитички прогнози" наликуваат на едноставни детски *фантазии*, и покрај декларираните цели и намери на нивните творци, кои претендираат да ги идентификуваат политичките, социјалните, економските, културните и воени тенденции и геополитичките пречки кои ги ограничуваат можните случувања, како и да ги предвидат главните настани кои може да се случат во набљудуваната иднина.

И прогнозата на Фридман, исто така, припаѓа на жанрот на *геополитичките фантазии*. Анализирајќи ја геополитичката фантазија на Фридман ги откривме скриените идеи и претпоставки за американските национални интереси, потенцијалните перцепции за заканите и можните реакции, базирани на комбинација од стравови, системи на верување и толкување на трендовите. Треба да се стави акцент на самиот факт дека еден од најинклузивните футуристи со шокантен поглед на она што лежи пред САД и светот, всушност, не обрнува никакво внимание на меѓународниот мир, додека се обидува да ја мобилизира нацијата да се соочи со можните опасности во иднината која доаѓа. Конфликтниот менаџмент е надвор од неговата прогноза!

Општиот предизвик е да се биде свесен за националните стереотипи и други релевантни прашања. Сепак, никој точно не знае како ќе изгледа дури и релативно далечната иднина (онаа преку 10 години). Се разбира, никој не може да обезбеди прогноза на идниот развој на настаните, а да е ослободен од предрасуди, пристрасни ставови или фиксни политички убедувања и ставови длабоко вкоренети во националната историја и митовите, затоа што и самиот футурист ги споделува основните разбирања за светот, меѓународните односи, и е под влијание на националните истории и географии. Прогнозите за долгорочни периоди привлекуваат широко внимание на јавноста, не само поради нивната елеганција, туку и затоа што тестирањето на нивната точност и остварливост е невозможна за оние кои ги читаат. Само следната генерација ќе биде во можност

да ја провери точноста на предвидувањата. Се разбира, генерацискиот јаз постои, и никој не знае со што точно ќе се соочува една држава во ера на страв и неизвесност.

Тековниот 21-ви век, не е веројатно дека ќе биде Американска ера. Непрекинатата линија на вооружени судири во текот на првата деценија на 21-от век, јасно го изложи лимитот на мировните напори на ОН, Африканската унија, ОБСЕ и другите меѓународни безбедносни организации, но и неефикасноста на американскиот унилатерализам, односно неуспехот на американскиот начин на управување со светот.[20]

## *Користена литература*


Friedman George (2009). *The Next 100 Years. A forecast for the 21st century*. New York: Anchor Books, 2009.

Fergusson Niall (2010). "America, the fragile empire". *The Los Angeles Times*, February 28, 2010 (was available on the LAT web-site in February 2010).

Fogel Robert W (2007). *Capitalism and Democracy in 2040: Forecasts and Speculations*. NBER Working Paper No. 13184, June 2007.

„Robert Fogel is optimistic about China" (unknown author, 2007),. web-site 'Marginal Revolution' www.marginalrevolution.com/marginalrevolution/2007/06/robert_fogel_is.html

„The death of America" (unknown author, 2010), http://e2000.kyiv.org/2000/america.htm

Maginnis Robert (2010), „Winning the New Cold War", web-site http://www.humanevents.com/article.php?id=38425

Khramchikhin Alexander A. (Храмчихин А.А., 2010). „The inadequate Response (Неадекватный ответ)" . *Independent Military Review (Независимое Военное Приложение*), July 23,2010 (in Russian); http://nvo.ng.ru/news/2010-07-23/1_vostok.html

Fogel Robert. (2004) *The Escape From Hunger and Premature Death, 1700-2100: Europe, America, and the Third World.* Cambridge University Press, 2004.


[20] Сите мировни акции и активности за спроведување на мирот имаат за цел да го обноват и да го одржуваат мирот и безбедноста во конфликтната област. Меѓународните власти треба да обезбедат правна основа за спроведување на таквите операции. Понекогаш мировна операција на ОН, не е дозволена поради судир на мислењата на членовите на Советот за безбедност, во одредени случаи во САД делуваа еднострано или заедно со мал број на нации. Во текот на последната деценија, НАТО постепено бил вклучен во американските операции во Авганистан, како новиот политички мотив за Алијансата.

Boutros Boutros-Ghali (1992). *An Agenda for Peace: Preventive Diplomacy, Peacemaking and Peace-keeping.* UN Document A/47/277 - S/241111, 17 June 1992 (New York: Department of Public Information, United Nations) 1992.

Rukavishnikov Vladimir (2001). *Peacekeeping and National Interests.* COPRI Working Paper 20/2001. Copenhagen: Copenhagen Pease Research Institute, 2001.

Stepanova Ekaterina (2004). War and Peace-building. *The Washington Quarterly*, Vol.27, No. 4, August 2004, pp. 127-136.

Collmer Sabine (ed.) (2009). *From Fragile State to Functioning State*. Berlin: Lit, 2009.

Тинский Григорий, „Мечты Фридмана: американский век, азиатский кризис, распад России#, website: warandpeace.ru

Баранец Виктор, „К каким войнам должна быть готова Россия#, *Комсомольская правда*, 2006. On web-site: http://kp.ru/daily/23721.5/53925/

Rukavishnikov Vladimir, Russia's "soft power" in the Putin's epoch. Ch. 4 In: Kanet R. (ed.) *Russian Foreign Policy in the 21st century*. Palgrave, 2010, pp. 76-97.

Bobbitt Philip, *The shield of Achilles: war, peace, and the course of history*. Knopf, 2002.

Gray Colin S., „The 21st Century Security Environment and the Future of War#. *Parameters*, Winter 2008-09, p. 14- 26. http://www.carlisle.army.mil/usawc/parameters/Articles/08winter/gray.pdf